ADING

# АДИНГПОКС-Л

*Трокомпонентно епоксидно лепило*

## Област на примена:

За лепење на киселоотпорни керамички плочки на ѕидови и подови во млекарници, кланици, базени за неутрализација, пречистителни станици и сл.

## Својства:

- одлична адхезија за подлогата;
- одлични физичко-механички карактеристуки;
- отпорност на хемиска агресија;
- отпорен на вода, а наедно и водонепропустлив;
- нема појава на собирање при процесот на врзување;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Однос на мешање: | А:Б:Ц = 3 : 0,9 :10,5 |
| Волуменска тежина: | 1,7 гр/см$^3$ |
| Јакост на свиткување: | 17±2 МПа |
| Јакост на притисок: | 80±5 МПа |
| Адхезија за подлога: | 4,0±0,5 МПа |
| Отворено време за работа: | 2 часа |
| Почеток на врзување: | 6 часа |
| Крај на врзување: | 24 часа |

## Подготовка на подлога:

Адингпокс-Л се нанесува на здрава подлога од бетон или цементен малтер која треба да биде чиста, сува, обеспрашена и обезмастена. Бетонската подлога треба да е хидроизолирана и обезбедена од продор на вода, за да не дојде до одвојување на лепилото, како последица на негативен воден потисок. Порозната бетонска или малтерска подлога се прајмерира со Адингпокс-1П

*Нова бетонска подлога*
Бетонот треба да биде стар најмалку 28 дена, да е со минимална јачина на притисок од 25 МПа и да не содржи поголема влажност од 5%. Остатоци од малтер, флеки од боја и масло, доколку се присутни на подлогата, треба да бидат отстранети. Доколку на површината има цементно млеко, истото треба да се отстрани по механички пат. Завршно подлогата треба да се обеспраши со индустриска правосмукалка.

*Стара бетонска подлога*
Здрава и чиста подлога се главни предуслови за постигнување на добра адхезија. Отстранувањето на цементното млеко се врши по механички пат. Пенетрирани маснотии и нечистотии во подлогата треба да се отстранат со детергенти или препарати за таа намена. Сите оштетувања на подлогата треба да бидат санирани користеј и соодветни материјали.
Температурата на подлогата на која се изведуваат работите да биде во граници од +15°C до +30°C.

## Вградување:

Адингпокс-Л за нанесување се приготвува со бавно мешање на компонентите А и Б, а потоа се додава Ц компонентата и смесата се меша до потполна хомогенизација. Мешањето се врши машински, со бавен мешач. Нанесувањето на материјалот се врши со назабена метална глетарка.
Керамиката која се полага треба да биде чиста, обеспрашена и сува. Потребно е динамиката на работа да се приспособи на отвореното време за работа на лепилото, кое е во директна зависност од температурата.

## Потрошувачка:

За слој од 2 мм 3,40 кг/$м^2$

## Пакување:

Во сетови од 17,57 кг.

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со Растворувач-П, веднаш по употребата.

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 10°C до 25°C. Рок на употреба: 12 месеци.

Опасност по здравјето:
Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување при мешање на А и Б компонентата. При инцидентен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со сува крпа или благо наквасена со Растворувач-П, а потоа местото добро да се измие со чиста вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со чиста вода и да се побара медицинска помош.
Потребно е да се обезбеди проветрување на просториите каде што се работи со смоли и растворувачи.
Пожар:
Адингпокс-Л и Растворувач-П содржат запаливи растворувачи. Не треба да се користат близу до отворен оган или да се пуши за време на вградувањето.
Чистење и депонирање:
Неврзани остатоци од Адингпокс-Л се чистат со Растворувач-П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821

ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија**
*АДИНГ*
*Белград*
*Тел: 381 11 2279 338*

**Бугарија**
*АДИНГ-Бугарија*
*Софија*
*Тел: 359 2 9555388*

**Русија**
*Вегамаркет плус*
*Москва*
*Тел: 7 495 3716436*

**Казахстан**
*ТОО Алфар*
*Алма Ата*
*Тел: 732 72 40 1688*

**Унгарија**
*АДИНГ Х Кфт.*
*Будимпешта*
*Тел: 36 29 367 457*

**Грција**
*АДИНГ-Хелас*
*Солун*
*Тел: 30 23 10569130*

**Хрватска**
*АДИНГ-ХР*
*Сплит*
*Тел: 385 98 9833 020*

**Романија**
*КРАЛЕКС*
*Букурешт*
*Тел: 40 21 3509018*

**Украина**
*Солис Компани*
*Киев*
*Тел: 380 44 4070963*

**БиХ**
*ПРОХЕМА*
*Брчко*
*Тел: 387 49 240400*

**Црна Гора**
*Ѓуришиќ и Кум*
*Бар*
*Тел: 382 85 341699*

*Изолими*
*Приштина*
*Тел: 381 38 563280*